РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Бр. 09-
26.12 2025 год.
ШТИП

# ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН ФОРУМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ОПШТИСНКИ БУЏЕТ 2026 ГОДИНА

На ден 22.12.2025 година (сала на Совет на Општина Штип) со почеток од 18 часот се оддржа форум со граѓани од Урбана заедница „Славчо Стојменски", „Три чешми", „Железничка", „8ми ноември", „Брегалница", „Баби", „Тошо арсов" и „Караорман".

На форумот присуствуваа 54 граѓани од кои 11 жени и 43 мажи, како и Градоначалникот на Општина Штип , директори на ЈП Исар и ЈП стипион и раководители на сектори и одделенија на Општина Штип.

1. Претставници од УЗ „Славчо Стојменски" како приоритет на граѓаните од овој дел од градот го истакнаа „Асфалтирање на дел од ул. Христијан Карпош", исто така побараа поправка на улиците Коле неделковски и Еврејска со образложение дека се работин за прометни улици кои не се поправени подолго време. Од ЈП Исар побараа да се промени водоводот и канализацијата на улица Еврејска, Асном и Боро Милевски.
2. Преставници од УЗ Три чешми како приорите истакнаа дека имаат потреба од поправка на дел од улиците во оваа населба и инфраструктура до новопрдвидената населба.
3. Според присутните од УЗ Железничка потребно е редовно оддржуање на ново изградените спортски и детски игралишта.
4. Присутните од УЗ 8ми Ноември го изразија своето задоволство од досегашните активности во оваа населба , особено за изградба на паркинг места околу станбени згради и изградбата на паркот Иднина, како и продолжување на Булевар Партизанска. Дел од присутните побараа замена урбаната опрема во детското игралиште кај Пошта. Од Јп Стипион побараа редовно оддржување на каналот кај ОУ Тошо Арсов.
5. Според присутните на УЗ Брегалница, приоритет е улицата Битолска како и промена на водоводот на улица Борис Кидрич.
6. Приоритети на населба Баби според присутите е изградба на мост од нас. Баби до нас. Балканска, истите истакнаа благодарност за досегашното вложување и уредување на оваа населба во која последните години бележи голем раст.
7. За жителите во централното градско подрачје според граѓаните од Уз најважно е да се реши гужвата во сообраќаот и истите предложија да се направат дополнителни платформи за паркирање на возилата.
8. Претставникот од УЗ караорман од ЈП Исар побара зголемување на бројот на контејнери и поставување на уште неколку клупи. Директорот на ЈП Исар ги информираше дека во текот на неделата истите ќе бидат однесени во оваа населба.

На ден 23.12.3025 година во сала на Совет на Општина Штип со почеток од 18 часот се оддржа форум со граѓани од УЗ Чардаклија, Сењак, Дузлак, Ново Село, Пребег, Св Недела, Васил Догангиски, Автокоманда, Балканска, Македонка.

На форумот присуствуваа 43 граѓани од кои 3 жени и 40 мажи, како и Градоначалникот на Општина Штип , директори на ЈП Исар и ЈП стипион и раководители на сектори и одделенија на Општина Штип.

Приоритетите кои ги истакнаа присутните на овие УЗ се:

- Платформа за паркирање кај црква Св Никола и кај Економски факултет на УГД
- Асфалтирање на улица од Бања Кежовица до Мерите , како и водовод кај истото.
- Поправка на улици на Исарот
- Поправка на улици кај сала Јордан Мијалков со кружен тек
- Поправка на улица Радански пат
- Изградба на тротоари во нас. Балканска и Македонка
- Спојување на улицата што води кон клиничка болница од кај населба Пролет
- Изградба на нови скали и уредување на постоечки со поставување на заштитна ограда со рукохват од ул. Ванчо Прќе до улица Митко Цецов
- Оддржување на каналот на ул. Васил Доганџиски

По завршување на двата форума присутните добија одговор дека нивните приоритети ќе бидат земени во предвид и ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Општина Шти за 2026 година.

Изготвил : Изабела Монева

Секретар на Општина Штип

Вишна Шорова Ангелова